Согласно член 29 од Статутот на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола, Бурса 65, а врз основа на одлуката на Одборот на директори од 08.04.2022 година, се објавува следниот

# Ј А В Е Н   П О В И К

Се свикува Годишно Собрание на акционери на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола.

Собранието ќе се одржи на ден 14.05.2022 година /сабота/ со почеток во 10 часот во деловните простории на Друштвото, Бурса 65, Битола, со почитување на препораките на Владата за заштита од COVID-19.

За Собранието се предлага следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1.Избор на претседавач.

2.Избор на Верификациона комисија од 3 члена, записничар, еден бројач на гласови и двајца заверувачи на записник.

3.Разгледување и усвојување на извештајот од Одборот на директори за работењето на друштвото и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори во 2021 година.

4.Разгледување и усвојување на ревидираниот финансиски извештај и годишната сметка за 2021 година.

5.Предлог-одлука за распределба на добивката за 2021 година.

6.Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за 2022 година.

7.Разгледување и усвојување на годишниот извештај за 2021 година на службата за внатрешна ревизија.

8.Разгледување и усвојување на Планот за работа за 2022 година.

9.Одлука за одобрување купување на сопствени акции.

Вкупниот број на акции со право на глас е 71.709 акции.
Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, лично или од него именувано лице, кое ќе го претставува во Собранието со писмено полномошно.

Образецот за полномошно може да се преземе од интернет страницата: www.fustelarko.com.mk.

Акционерите за даденото полномошно го известуваат друштвото на мејлот: finance@fustelarko.com.mk.

Акционерите можат да предлагаат точки во дневниот ред во рок од 8 дена од денот на објавата на Јавниот повик, согласно член 390 од Законот за трговски друштва (детални информации на официјалната интернет страница).

Акционерите можат да извршат увид во материјалите на друштвото за предложените точки од дневниот ред во правна служба секој работен ден од 10 до 14 часот, како и на официјалната интернет страница на Друштвото www.fustelarko.com.mk.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ